Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - Скопје
Agjencia për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
13.06.2024
Број / Numri: 08 351
Прилог / Prilogi

У-6.бр.96/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Даниела Антовска - како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Доневски од Скопје, против Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, поради молчење на администрацијата, за пристап до информации од јавен карактер, по одржана јавна расправа на 14.05.2024 година, во присуство на полномошникот на тужителот и овластен претставник на тужениот орган, на 21.05.2024 година, ја донесе и објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Томи Салковски од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, веднаш по приемот на оваа пресуда, да одлучи по жалбата на сега тужителот Томи Салковски од Скопје, од 29.01.2024 година, заведена кај тужениот орган под бр.08-56/1 од 01.02.2024 година, изјавена против Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер на Министерството за култура УП1.бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот преку полномошникот, за надомест на трошоците во постапката, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

Се задолжува тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 8.280,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката.

Барањето на тужителот преку полномошникот, за надомест на трошоците во постапката, за разликата од досудениот до побаруваниот износ од 24.904,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Томи Салковски од Скопје, пред Управниот суд поведе управен спор, против сега тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, поради молчење на администрацијата. Во тужбата е наведено дека тужителот на ден 31.08.2023 година, до Министертвото за култура поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побарал податоци за исплатени средства од Министерството за кутлура кон лицето Милчо Манчевски и по кои основи се исплатите, како и податоци за вкупно исплатени средства од Министерството за култура кон лицето Милчо Манчевски за проектите „Мајки", „Сенки" и „Врби". Постапувајќи по барањето, мателот на информацијата Министерството за култура донело Решение за посредување по

поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1.бр.03-849 од 06.09.2023 година, со кое доставил дел од бараните податоци. Незадоволен сега тужителот изјавил жалба до тужениот оган кој со Решение бр.08-351 од 05.10.2023 година, жалбата ја уважил, а првостепеното решение го поништил и предметот го вратил на повторно постапување со укажување дека имателот е должен да го спроведе тоа решение во рок од 15 дена по приемот на истото и за тоа да го извести тужениот орган. Во повторна постапка, имателот на информацијата донел ново Решение УП1.бр.03-849 од 06.11.2023 година, со кое делумно го прифатил барањето на тужителот и на тој начин повторно не ги дал сите барани информации. Во постапка по жалба, тужениот орган донел Решение бр.08-351 од 06.12.2023 година, со кое го задолжил имателот на информациите да ја достави бараната информација на сега тужителот, како барател, а првостепеното решението го поништил и го задолжил имателот, во рок од 15 дена од приемот на второстепеното решение истото да го спроведе и да ја извести Агенцијата за тоа. Имателот на инфрмацијата донел трето решение УП1 бр.03-849 /23од 12.01.2024 година, со кое го уважил барањето на сега тужителот, но не му ги доставил сите побарани инфоирмации. Од овие причини, тужителот на ден 30.01.2024 година, изјавил нова жалба по која тужениот орган наместо да одлучи, на тужителот му доставил Одговор бр.08-56/2 од 01.02.2024 година, со кој го известил дека се исцрпени сите можности за понатамошно постапување поради што не може да одлучи по изјавената жалба, без за тоа да цитира соодветни законски одредби. Тужителот на 14.02.2024 година, повторно се обратил до тужениот орган со барање истиот да постапи по изјавената жалба и да донесе одлука, по кое тужениот не постапил и не одлучил што е спротивно на член 20 и 27 од Заоконот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Според тужителот, тужениот орган своето постапување не го поткрепил со ниту една законска одредба според која тужениот може да постапува само по две жалби. Од тие причини, предложи тужбата да се уважи да се задолжи тужениот орган да одлучи по поднесената жалба на тужителот од 30.01.2024 година и да му ги надомести трошоците на постапката и тоа: адвокатска награда за состав на тужба 9.100,00 денари зголеемна за ДДВ износ од 1.638,00 денари, судска такса за тужба 480,00 денари и судска такса за одлука 800,00 денари, вкупно 12.018,00 денари.

Тужениот орган во одговор на тужбата, ги достави списите на предметот и остана кон истите наводи како во одговорот на жалбата, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

На одржаната јавна расправа на ден 15.05.2024 година, полномошникот на тужителот истакна дека останува кон поднесената тужба и дополни дека тужениот орган, наместо да решава мериторно по поднесената жалба со донесување на решение, истиот ја третирал самата жалба како допис по кој дал одговор што е спротивно на член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде што јасно под став 1, Агенцијата решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата, а ако Агенцијата, како во став 2, не донесе решение по жалбата на барателот по првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од 7 дена, барателот може да поведе управен спор, додека според став 3, имателот на информацијата е должен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата. Тужениот орган во самиот одговор на тужба не дал никаков конкретен одговор зошто не можел да постапува по поднесената жалба, само истакнал дека се исцрпени сите законски можности без при тоа да истакне по кој член и закон не може да се одлучува по поднесената жалба. Согласно наведеното, произлегува дека тужениот орган незаконито постапувал по поднесената жалба. Во завршни

зборови, полномошникот на тужителот предложи судот да ја уважи тужбата и тужбеното барање во целост и да го задолжи тужениот веднаш по приемот на пресудата да донесе управен акт по повод жалбата изјавена на тужителот на ден 30.01.2024 година, против имателот на информацијата Решение бр.УП.1.03849/2023 од 12.01.2024 година, насловено како решение за посредување по поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во однос на наводите на тужениот истакнати на одржаното рочиште, укажа дека истиот ги преповторува наводите дадени во одговорот на тужба дека не може да постапува по поднесената жалба, дека се исцрпени сите законски можности без при тоа да цитира по која одредба е тоа, и врз основа на кој закон се темели, и каде стои дека тужениот орган може да постапува само по две жалби, а со оглед дека е јасно дека тужителот си го искористил своето загарантирано законско право каде што и во самото решение на имателот на информацијата стои правна поука за право на жалба. Побара трошоци како што се предјавени во тужбата 12.018,00 денари, зголемени за застапување на одржаното рочиште во износ од 10.920,00 денари зголемено со ДДВ 1.966,00 денари, вкупно 12.886,00 денари.

Овластениот претставник на тужениот орган, на одржаното рочиште за јавна расправа, истакна дека останува во целост кон наводите во одговорот на тужба, укажувајќи дека тужениот орган постапил согласно член 27 и член 30 од Законот за слободен приостап до информации од јавен карактер и по првичното решение за враќање на повторно постапување пред првостепениот орган, донел ново мериторно решение со кое конечно постапил и одлучил за конкретното барање за пристап до информации од јавен карактер. Според тоа, не постојат никакви тужбени претпоставки за водење на управен спор против ова мериторно Решение, и согласно член 32 став 2 и став 4 од Законот за управните спорови предлага тужбата да се отфрли. Исто така, укажа дека тужениот орган донел мериторно решение кое е со диспозитив онаков каков што посакувал тужителот, и дека не можел да донесе ново мериотрно решение со ист диспозитив. Оттука не се гледа основот за покренување на некоја тужба, а тужителот единствено можел да иницира евентуална прекршочна постапка против првостепениот орган, односно имателот на информации, пред Прекршочната комисија на Агенцијата што истиот не го сторил, туку продолжил да поднесува жалби до Агенцијата и очекувал истата да донесува решенија со исти диспозитиви како и во решенито од 06.12.2023 година, што е крајно нелогично, ниту дозволено со закон. Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека тужителот нема право да му се обезбеди судска, односно правна заштита согласно член 2 од Законот за управните спорови, а во врска со член 4 став 1 точка 6 и точка 7 и член 6 став 2 исто така од Законот за управните спорови, бидејќи не постојат тужбени претпоставки за водење на ваков управен спор, а сето е образложено во одговорот на тужба каде се наведени и цитирани законите согласно кои Агенцијата како тужен орган не може да донесува нови мериторни решенија по желба и секојдневно изјавувани жалби од страна на застапникот на тужителот неосврнувајќи се на целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кој значи дека пристапот до информациите го темели на јавниот интерес, односно интересот на поширокатa заедница како целина кој има првенство пред индивидуалните потреби на застапникот на тужителот и токму од тие причини пристапот до информациите од јавен карактер е бесплатен. Му предложи на судот тужбата и барањето за надоместување на трошоци во непостоечки управен спор, да ги отфрли или тужбата да ја одбие во целост како неоснована и да го одбие барањето за надомест на трошоци.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: тужба, копија од лична карта на име на тужител, Барање за пристап до информации од јавен карактер од 31.08.2023 година, Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер на Министерство за култура УП1.бр.03-849 од 06.09.2023 година, жалба од тужител од 22.09.2023 година, Решение на Агенција заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен каратер бр.08-351 од 05.10.2023 година, Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер на Министерство за култура УП1.бр.03-849 од 06.11.2023 година, жалба од тужител од 21.11.2023 година со потврда за прием на пратка, Решение на Агенција заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен каратер бр.08-351 од 06.12.2023 година, Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер на Министерство за култура УП1.бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година, жалба од тужител од 30.01.2024 година со потврда за прием на пратка, Одговор на Агенција заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен каратер бр.08-56/2 од 01.02.2024 година, барање од тужител од 14.02.2024 година со потврда за прием на пратка, решение за ДДВ регистрација издадено од УЈП број: 24-52/00112 од 11.01.2023 година, одговор на тужба Бр.08-351 од 02.04.2024 година, по што, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата, списите на предметот и наводите истакнати на јавната расправа, најде:

Тужбата на тужителот е основана.

Од списите на предметот произлегува дека сега тужителот Томи Салкоски од Скопје, до Министерство за култура како имател на информација, преку полномошник, на ден 31.08.2023 година, поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое побарал да му се овозможи увид или да му се достави фотокопија или по електронски пат по пошта или по е-маил следната информација: “Податок за вкупно исплатени средства од Министерството за култура на лицето Милчо Манчевки и по кој основ, како и податок за вкупно исплатени средства од Министерството за култура за лицето Милчо Манчевски за проектите “ Мајки“, “ Сенки“ и “Врба“ “.

Постапувајќи по оваа барање имателот на информации Министерството за култура, до барателот доставил Решение УП1 бр.03-849 од 06.09.2023 година со кое барањето на барателот го прифатил, а во образложение навел дека од причина што филмовите „Мајки“ и „Врба“ на Милчло Манчевски не се финансирани преку Министерството за култура, односно истите се финансисрани преку филмскиот фонд / Агенција за филм на РСМ, Минстерството за култура не располага со податоци за овие два филма и не може да ја даде бараната информација додека пак за филмот „Сенки“ на Милчо Манчевски во прилог испраќа табеларен преглед за исплатени средства за период 2005 - 2007 година.

Незадоволен од ваквата одлука, тужителот изјавил жалба до сега тужениот орган со образложение дека имателот не ги дал сите барани информации иако бил побаран податок на вкупно исплатени средства за проектот „Сенки“, а имателот дал информации само за период 2005-2007 година а не образложил зошто не доставил податоци за другите години, додека по однос на другите проекти „Мајки“ и „Врба,“ имателот барањето го препратил до Агенција за филм на РСМ од каде по е-маил тужителот бил известен дека Агенцијата за филм не располага со извештаите на Министерството за култура.

Постапувајќи по жалбата, тужениот орган донел Решение бр.08-351 од 05.10.2023 година со кое првостепеното решение го поништил и го задолжил имателот да постапи по решението на тужениот орган во рок од 15 дена и за истото да го извести тужениот. Во повторна постапка првостепениот орган донел решение УП1.бр.03-849 од 06.11.2023 година, со кое делумно се прифаќа барањето, а во образложение ги наведува истите наводи како и во претходното решение дека за проектите „Мајки" и „Врба" не располага со податоци, а за проектот „Сенки" испратил табеларен преглед за исплатени средства.

Против оваа решение тужителот изјавил жалба до тужениот орган кој донел ново Решение бр.08-351 од 06.12.2023 година, со кое повторно жалбата е уважена, првостепеното решение на Министерството за култура, е поништено и како имател на инфорација е задолжен да го спроведе решението на тужениот во рок од 15 дена по приемот и за тоа да го извести истиот, со образложение дека имателот на информацијата го упатува барателот за бараната инфромација да се обрати до Агенцијата за филм како правен следбеник на НУ- Филмски фонд од каде е укажано дека неосновано е препратено барањето до Агенцијата за филм која со допис преку електронска пошта на 06.09.2023 година, го известила барателот дека не располага со бараната информација. Воедно, тужениот му укажал на имателот дека доколку тврди дека не располага со бараната информација, должен е барањето да го препрати до имателот информации кој според содржината на барањето ја создал или располага со бараната информација.

Постапувајќи по ова решение, имателот на информациите Министерство за култура, донел ново решение УП 1 бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година, со кое барањето се уважува со бразложение дека Министерството за култура ги дало сите информаци со кои располага. Во однос на тоа колку средства му биле исплатени на лицето Милчо Манчевски за проектот „Сенки", до барателот биле доставени сите податоци со кои располагало Министерството, а за проектот „Мајки" укажува дека истиот бил финансиран преку Агнецијата за филм која е правен следбеник на НУ-Филмски фонд на РМ кој е имател на информацијата. По однос на проектот „Врба" укажува дека во 2021 година, на Друштвото за филмска продукција " Банана филм ДООЕЛ Скопје му биле одобрени средства во вкупен износ од 1.000.0000,00 денари за промотивна кампања за оскар за долгометражниот игран филм „Врба" на режисерот Милчо Манчевски.

Повторно незадоволен тужителот изјавил жалба до тужениот орган кој во Одговор на жалбата бр.08-56/2 од 01.02.2024 година, му укажал на сега тужителот дека биле исцрпени сите можности за понатамошно постапување на второстепениот орган и од тие причини не може да постапи по неговата трета жалба, а со оглед на тоа дека органот веќе донел решение со кое ги уважил жалбите на тужителот и го задолжил имателот да ја даде бараната информација.

Тужителот со писмо од 14.02.2024 година, побарал од тужениот да одлучи по жалбата и да донесе акт во смисла на член 27 став 2 и 3 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, по кое тужениот орган на постапил и не донел одлука.

Судот најде дека тужениот орган сторил повреда на законот на штета на тужителот, поради следното:

Согласно член 26 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), право

на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата. Според став 2 на истиот член Агенцијата решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата. Според став 3, ако Агенцијата во рокот од ставот (2) на овој член не донесе решение по жалбата на барателот против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повтореното барање, барателот може да поведе управен спор. Според став 4, Имателот на информацијата е должен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Согласно член 14 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија бр.124/2015), странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот. Според став 2 на истиот член, против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со закон. Според став 3 на истиот член, во случаите од став (2) на овој член странката има право на жалба и доколку јавниот орган не постапил по барањето на странката во определениот рок.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019 ), во управен спор судот одлучува за: (1) законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот, (2) законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законскиот рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот (управен спор за молчење на администрацијата).

Согласно член 24 став 1 од Законот за управните спорови, управен спор се поведува со тужба. Според став 2 алинеја 4, тужбата може да се поднесе поради недонесување на управен акт во управна постапка во законскиот рок од страна на јавниот орган.

Во конкретниот случај, тужениот орган погрешно постапил кога во постапка по жалба изјавена против решението на Имателот на информацијата, наместо да одлучи со управен акт, на барателот на информацијата, сега тужителот му доставил произнесување на истата, во форма на одговор.

Имено, тужителот како барател на информација, незадоволен од решението на имателот на информацијата, против истото изјавил жалба до сега тужениот орган како второстепен орган, по која истиот бил должен да одлучи и покрај тоа што за истото барање на барателот, во претходна постапката, два пати се одлучувало по жалби кои биле уважени од страна на тужениот орган и предметот бил вратен кај имателот на информацијата со конкретни укажувања. Без оглед на фактот што тужителот, за истата правна работа по трет пат поднел жалба до тужениот орган, тоа е негово законско право и не постои ниту една законска одредба која во вакви и слични ситуации, го ограничува бројот на поднесени жалби.

Оттука, тужениот орган бил должен да одлучи по жалбата и да донесе управен акт со кој жалбата можел ја уважи, да ја одбие или отфрли, во рамките на

своите надлежности согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка, со конкретно образложение за својата одлука. При тоа, доколку тужениот орган сметал дека во претходна постапка донел мериторно решение и за истата правна работа не може повторно да донесе решение со ист диспозитив и дека се исцрпени сите правни инструменти за постапување на тужениот орган, сето тоа требал да го образложи во својата одлука и евентуално да ја упати странката за можноста да иницира друга постапка пред друг орган, како што тоа го сторил во одговорот на жалбата од 01.02.2024 година, во одговорот на тужбата и на јавната расправа.

Поради ваквата состојба на работите, Судот го задолжи сега тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, веднаш по приемот на оваа пресуда, да одлучи по жалбата на сега тужителот Томи Салковски од Скопје, од 29.01.2024 година, заведена кај тужениот орган под бр.08-56/1 од 01.02.2024 година, изјавена против Решение за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер на Министерството за култура УП1.бр.03-849/2023 од 12.01.2024 година.

Согласно член 86 став 1 од Законот за управните спорови, а во врска со член 149 од Законот за парничната постапка, судот со пресудата го задолжи тужениот орган, да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 8.280,00 денари, од кои за такса за тужба 480,00 денари, такса за одлука во износ 800,00 денари и 7.000,00 денари за награда пред Управен суд. За разликата од досудениот до побараниот износ од 24.904,00 денари, судот го одби барањето како неосновано.

Со оглед на наведеното, а согласно член 60 став 3 точка 2 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

Одлучено во Управен суд на 21.05.2024 година, под У-6.бр.96/2024.

Судија
Даниела Антовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р. Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2.

Одлуката да се достави на:
- тужител, преку полномошник
- тужен орган

Судија
Даниела Антовска